МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ

Образложение за работењето за период

јануари – септември 2026 година

Содржина

Обраќање од Главниот извршен директор 3

Анализа на остварениот финансиски резултат 3

Анализа и коментар на приходите 4

- Мобилни услуги 4
- Фиксни услуги 5
- Системска интеграција и ИТ 6

Подетален коментар на остварените расходи 6

- Оперативни трошоци 6
- Капитални трошоци 6

Конфликтот во Украина и економската криза врз бизнисот и врз финансиските извештаи 7

Обраќање од Главниот извршен директор

„И во третото тримесечје од 2026 година фокусот останува на најмодерните технологии и најдобро корисничко искуство. Продолжуваме со одлични финансиски резултати, силни инвестиции со кои се гради клучна инфраструктура и се забрзува дигитализацијата на земјата.

И покрај сите глобални економски предизвици продолжуваме со стратегијата за силни инвестиции за да го обезбедиме најдоброто за нашите корисници, посветени да изградиме поврзано дигитално општество за сите. Македонски Телеком ја постави првата 5G+ мрежа во Македонија, со што започнува нова ера во развојот на мобилните услуги. Станува збор за најголемата промена во мобилните мрежи во последната деценија и нова технолошка основа што ќе овозможи пофлексибилна и поперсонализирана конекција.

Резултатите се мотив да продолжиме посветено да работиме да останеме лидери во индустријата и силно посветени на нашите корисници.“ – истакна Горан Марковиќ Главен извршен директор на Македонски Телеком.

Анализа на остварениот финансиски резултат

Македонски Телеком и во првите девет месеци од 2026 година продолжи со одлични резултати. Ова е резултат на успешното работење, фокусот на модернизација и ширење на мрежната инфраструктура и пионерство во имплементација на новите технологии со цел најдобро корисничко искуство.

Раст на приходите од продажба за 6,3%. Приходите од продажба на крајот од првите девет месеци од 2026 година бележат зголемување од 6,3% во споредба со истиот период од претходната година и изнесуваат 9.776 милиони денари.

Во рамки на приходите од основниот бизнис се бележи раст од 4,9% кај фиксните услуги, и раст од 7,2% во мобилниот сегмент споредено со истиот период од претходната година, додека приходите од системска интеграција бележат благо зголемување од 0,4%.

Зголемување на EBITDA за 4,8%. Оперативната добивка пред камати, оданочување и амортизација (EBITDA) во првите девет месеци од 2026 година изнесува 4.310 милиони денари. Истата е зголемена за 4,8% во споредба со истиот период од претходната година заради зголемените приходи од продажба.

EBITDA маргината во првите девет месеци од 2026 година е релативно стабилна и изнесува 43,7% во споредба со 44,3% на крајот од истиот период од претходната година.

Раст на нето добивката за 5%. Како резултат на движењата на страната на приходите и трошоците како и финансиските приходи и расходи, нето добивката во првите девет месеци од 2026 година е зголемена за 5% во споредба со истиот период од претходната година и изнесува 1.975 милиони денари. Зголемувањето е резултат на зголемените приходи од продажба делумно компензирано со зголемените оперативни расходи, како и зголемените финансиски расходи кои произлегуваат од вреднувањето на вложувањата во финансиски интрументи по објективна вредност (акции во други македонски компании).

Во милинони денари	*2025 јан - сеп*	*2026 јан - сеп*	*Промена 2026 спрема 2025*
(1) Оперативни приходи	9.283	9.874	6,4%
(2) Приходи од продажба	9.198	9.776	6,3%
(3) Оперативни расходи	7.147	7.590	6,2%
(4) Трошоци за електрична енергија	248	248	0,0%
(5) Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	*1.975*	*2.026*	*2,6%*
(6) = (3) - (5) Оперативни расходи без амортизација	5.172	5.564	7,6%
(7) = (1) - (6) Оперативна добивка пред камати, оданочување и амортизација (EBITDA)	**4.111**	**4.310**	**4,8%**
(7а) = (7) / (1) EBITDA маргина во %	44,3%	43,7%	-1,4%
(8) = (1) - (3) Оперативна добивка пред камати и оданочување (EBIT)	**2.136**	**2.284**	**6,9%**
(9) Финансиски приходи	38	51	35,8%
(10) Финансиски расходи	51	110	114,4%
(11) Данок од добивка	241	251	4,0%
(12) = (8) - (9) - (10) - (11) Нето добивка	**1.881**	**1.975**	**5,0%**

Анализа и коментар на приходите

Целокупната анализа се однесува на неревидираниот Биланс на успех на Македонски Телеком (МКТ) за периодот 01.01.2026 - 30.09.2026, подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Мобилни услуги

Мобилни говорни и неговорни услуги

На пазарот на мобилната телефонија МКТ има **удел на пазарот од 47,8%** (интерна проценка, споредено со 48,7% на крајот од истиот период од претходната година). Базата на претплатници на крајот од првите девет месеци од 2026 година изнесува 1.348 илјади претплатници и е зголемена за 0,9% во однос на истиот период од претходната година.

Приходите од говорни услуги (малопродажба) и неговорни мобилни услуги на крајот од првите девет месеци од 2026 година бележат зголемување од 6,7% во споредба со истиот период од претходната година.

Зголемувањето главно произлегува од поголемиот број на пост - пејд претплатници, а од друга страна пак има намалување на приходите од при-пејд главно заради миграција на претплатниците од при-пејд во пост-пејд како и помал обем на користење на говорни услуги во при-пејд сегментот. Зголемени се и приходите од неговорни услуги, главно како резултат на зголемени приходи од мобилен интернет заради зголемено користење на пакетни тарифни модели со вклучени неговорни услуги.

Големопродажни говорни услуги

Приходите од големопродажни говорни услуги на крајот од првите девет месеци од 2026 година се намалени за 3,4% во споредба со истиот период од претходната година. Намалувањето се должи на намалениот обем на меѓународен дојдовен сообраќај поддржано од намалениот обем на M2M (машина кон машина) сообраќај заедно со ефектот на приходите од регулативата за роаминг во Западен Балкан.

Продажба на опрема

Приходите од продажба на опрема на крајот од првите девет месеци од 2026 година се зголемени за 10,7% во споредба со истиот период од претходната година како резултат на зголемувањето на приходите од продажба на мобилни апарати.

Комбиниран ARPU (просечен приход по корисник)

Комбинираниот ARPU од говорни и неговорни услуги на крајот од првите девет месеци од 2026 година бележи зголемување од 5,4% во споредба со истиот период од претходната година, достигнувајќи 432 денари.

Фиксни услуги

Фиксни говорни и неговорни услуги

МКТ ја одржува **водечката позиција на пазарот на фиксни говорни услуги со 63,6%** (интерна проценка, споредено со 62,7% на крајот од истиот период од претходната година).

Приходите од малопродажни говорни услуги во првите девет месеци од 2026 година во фиксниот сегмент на говорни услуги се стабилни во споредба со истиот период од претходната година.

На крајот од првите девет месеци од 2026 година бројот на корисници на фиксна телефонија (вклучувајќи ги и корисниците на конвергентни услуги) бележи зголемување од 2,1% споредено со истиот период од претходната година достигнувајќи 243 илјади корисници на крајот од првите девет месеци од 2026 година.

Вкупниот број на пристапи на широкопојасен интернет (вклучувајќи ги и корисниците на конвергентни услуги) на крајот од првите девет месеци од 2026 година е зголемен за 2,7% и изнесува 255,5 илјади во споредба со 248,8 илјади на крајот од истиот период од претходната година. **Бројот на претплатници на широкопојасен интернет (без големопродажба)** на крајот од првите девет месеци од 2026 година е зголемен за 3,1% и изнесува 231 илјади во споредба со 224 илјади на крајот од истиот период од претходната година. **Уделот на пазарот на широкопојасен интернет** на крајот од првите девет месеци од 2026 година изнесува **50,3%** (интерна проценка, споредено со 50% на крајот од истиот период од претходната година). Инвестициите во оптичката мрежа резултираат во континуиран раст на бројот на оптички пристапи во земјата. На крајот од првите девет месеци од 2026 година Македонски Телеком овозможи повеќе од 393 илјади пристапи до оптика што е за 9% повеќе споредено со истиот период од претходната година.

Приходите од малопродажен Интернет на крајот од првите девет месеци од 2026 година се зголемени за 9,9% во споредба со истиот период од претходната година.

Во однос на **ТВ пазарот**, **МКТ има лидерска позиција со 38,9% удел** од вкупниот ТВ пазар (интерна проценка, споредено со 37.4% на крајот од истиот период од претходната година). IPTV услугата (дигитална телевизија преку Интернет протокол), поради високиот квалитет, интерактивноста и уникатното ТВ искуство, е одлично прифатена на пазарот и МКТ на крајот од првите девет месеци од 2026 година оствари зголемување на бројот на корисници на IPTV (вклучувајќи Magenta 1, 3 Play и други TV услуги) за 5,3% во споредба со истиот период од претходната година што резултираше со база од 175 илјади корисници на крајот од првите девет месеци од 2026 година.

Приходите од ТВ (дигитална телевизија преку Интернет протокол „IPTV“) на крајот од првите девет месеци од 2026 година се зголемени за 8% во споредба со истиот период од претходната година заради поголемиот број на претплатници.

Големопродажни услуги

Приходите од големопродажба на крајот од првите девет месеци од 2026 година се намалени за 8% во споредба со истиот период од претходната година, главно заради помалите приходи од меѓународен сообраќај во терминација и намалување на приходите од меѓународен транзит кон други фиксни оператори, делумно компензирано со повисоки големопродажни приходи од оптика.

Системска интеграција и ИТ

Приходите од системска интеграција и ИТ услуги на крајот од првите девет месеци од 2026 година се благо зголемени за 0,4% во споредба со истиот период од претходната година главно како резултат на различната динамика на реализација на ИКТ проектите.

Подетален коментар на остварените расходи

Оперативни трошоци

На страната на трошоците, на крајот од првите девет месеци од 2026 година оперативните расходи се зголемени за 6,2% во споредба истиот период од претходната година, што во најголем дел се должи на зголемувањето на трошоците за набавна вредност на трговски стоки, трошоците за услуги со карактер на материјални трошоци, трошоците за вработени како и останатите трошоци од работењето.

Трошоците за набавна вредност на трговски стоки се зголемени за 12% во линија со зголемените приходи од продажба како и поголемите поголемите просечни трошоци на продадената опрема на крајот од првите девет месеци од 2026 година во споредба со истиот период од претходната година.

Расходите за услуги со карактер на материјални трошоци на крајот од првите девет месеци од 2026 година се зголемени за 7,1% во споредба со истиот период од претходната година главно заради зголемените трошоци за маркетинг како и трошоци за одржување на телекомуникациската опрема.

Трошоците за вработени на крајот од првите девет месеци од 2026 година се зголемени за 9,8% заради поголемите персонални трошоци, компензирано со помали трошоци за имплементираните програми за долгорочна мотивација во споредба со истиот период од претходната година.

Капитални трошоци

Вкупните капитални инвестиции (CAPEX), на крајот од првите девет месеци од 2026 година изнесуваат 1.474 милиони денари наспроти 1.614 милиони денари на крајот од истиот период од претходната година.

Конфликтот во Украина и економската криза врз бизнисот и врз финансиските извештаи

Годишната стапка на инфлација забави и на крајот на август 2026 година беше на ниво од 2,6% при што енергетската компонента делуваше кон забрзување на годишниот раст, а просечната инфлација за периодот јануари - август продолжи да забавува и изнесува 3,7%. Динамиката на инфлацијата е нешто послаба во однос на очекувањата со априлските проекции, при помал раст од очекуваниот, кај цените на храната. Со најновите извештаи на ММФ за земјата просечната стапка на инфлација за 2026 година е проектирана на 4% што е релативно високо ниво во однос на историскиот просек.[1]

Тековниот воен конфликт во Украина и поврзаните санкции насочени против Руската Федерација како и другите тековни воени конфликти на блискиот исток може да извршат дополнително влијание врз европската и глобалната економија, покрај влијанието што веќе го изврши врз цените на енергијата. Компанијата нема значајна директна изложеност на Украина, Русија или Белорусија. Сепак, влијанието врз општата економска ситуација може да резултира со потреба од ревидирање на одредени претпоставки и проценки во иднина. Компанијата го почувствува влијанието на кризата преку зголемените цени на енергијата. Идно долгорочно влијание може да се изврши на обемот на тргување, паричните текови и профитабилноста. Сепак, освен зголемените трошоци за енергија, Друштвото не почувствува други влијанија од конфликтот во Украина и другите тековни воени конфликти до датумот на овие финансиски извештаи.

Горан Марковиќ
Главен извршен директор

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии

[1] *НБРСМ - Најнови макроекономски показатели – септември 2026*